## АПСТРАКТ

Имајќи ги предвид севкупните актуелни состојби на сите полиња и во сите општествени сегменти (економски, културни, образовни, социјални, безбедносни итн.), но, истовремено следејќи го и трендот на движењата и релациите на светско ниво́, станувам сѐ поубеден во суштинската димензија на фактот дека квалитативно димензионирано и континуирано одржливо образование, денес му е потребно на секој човек на планетава. Секој оној кој ги следи современите текови, особено оние - образовните, секој оној кој тежнее кон постојано одржување чекор со времето во кое живееме и делуваме, безусловно, мора постојано да учи, да се усовршува и да се надоградува на стручен и професионален план. Поаѓајќи од изнесеното, а истовремено движејќи се по трасата што ја определуваат модерните животни текови, цврсто сум решен, сопственото образование постојано да го надоградувам и стручно и професионално да се усовршувам, со цел, до крајот на кариерата континуирано да напредувам.

Претходно споменатото, веројатно е елементарниот двигател кон целта што ја поставив пред себе. Успешното завршување на постдипломските студии беше само чекор на тој долг и макотрпен пат. Но, едновремено тоа беше и солидна едукативна подлога за она што го направив како следен чекор-изработката на магистерскиот труд со наслов *„Интегрален пристап во превенирањето на наркоманијата кај средношколската популација во Битола“*, со кој се обидов и успеав во настојувањето да дадам скромен придонес во надминувањето или подобро речено, во ублажувањето на една мошне сензибилна и опасна појава-наркоманијата и злоупотребата на дрогата кај средношколската популација во Битола.

Таквата тенденција недвосмислено продолжи и во периодот по одбраната на магистерскиот труд и стекнувањето со академската титула магистер по менаџмент во образование, кога ги објавив и своите први научни трудови: *Улогата на училиштето и соработката со полициската превенција во превенирањето на наркоманијата кај средношколската популација во Битола, Приоритетни*

*превентивно-репресивни активности во функција на справувањето со злоупотребата на дрогата на подрачјето на МВР Битола* и *Значењето на односите со јавноста во комуницирањето во услови на криза.*

*„Улогата на училиштето и соработката со полициската превенција во превенирањето на наркоманијата кај средношколската популација во Битола“* претставува труд во кој силно и недвосмислено се прави обид за потенцирање на воспитната компонента на процесот на образованието, што од своја страна претставува интенција на нашиот образовен систем во процесот на реформирањето и доближувањето кон стандардите и нормите кои се присутни во образовните системи на земјите-членки на ЕУ.

Во трудот, јасно е прецизирана потребата од вклучување на воспитно-образовните установи со сите свои сегменти во превентивното делување и борбата против „најголемото зло на денешницата“ - наркоманијата, особено кај средношколската популација како најзагрозена категорија, со силен акцент врз соработката со сите елементи (родители, ученици, педагошко-психолошки и други стручни служби...), но и со останатите општествени фактори (полициската превенција, невладиниот сектор, локалната заедница, здравствените и друг вид специјализирани установи, научните институции, медиумите...).

Видно, од насловот, првиот труд на пиедестал ги издигнува улогата и значењето на воспитно-образовните установи како еден од најзначајните екстерни фактори во процесот на превенирањето на наркоманијата и злоупотребата на дрогата кај средношколската популација во Битола, потенцирајќи ја воспитната компонента на образованието како исклучително значајна во тој контекст. Во современите општествени услови, улогата на училиштето како втор стадиум (по семејството), станува сè позначајна и поизразена, особено ако се има предвид фактот што во насока на имплементацијата на стандардите кои важат во развиените општества во нашиот образовен систем, сè поголемо внимание се посветува на развојот на воспитниот сегмент. Напоредно со тоа, во трудот се истакнува и сè позначајното влијание на полициската превенција како новина во современото полициско работење, а преку потенцирањето на потребата од максимално усогласено и координирано делување на овие два мошне значајни екстерни

фактори во процесот на превенирање на наркоманијата кај средношколската популација како најзагрозена категорија од оваа појава, се диференцираат и решенијата за справувањето со појавата, секако, низ призмата на резултатите кои се постигнати на тој план последниве неколку години.

*Приоритетни превентивно-репресивни активности во функција на справувањето со злоупотребата на дрогата на подрачјето на СВР Битола*, претставува синтеза на сите неопходни приоритетни активности од превентивен и репресивен аспект во делот на справувањето со наркоманијата како појава и во кој е воочливо прецизирана сегментираноста на факторите кои имаат обврска да се справуваат со појавата.

Трудот, од една страна, создава јасна слика за состојбите со појавата на наркоманијата, опфаќајќи пошироко подрачје, односно подрачјето што е во надлежност на СВР - Битола (Битола, Ресен, Демир Хисар, Прилеп, Крушево и Македонски Брод). А, од друга страна, врз основа на досегашните искуства пред сè, нуди и конкретни решенија за преземање конкретни активности во насока на спрелувањето (уништувањето) на појавата.

Од анализата на трудовите може да се открие намерата, да се даде реален придонес, преку практична имплементација на дел од понудените можни решенија, појавата на наркоманијата да се сведе во подносливи рамки. Евидентна е тенденцијата, преку подготвеноста во областа на образовниот менаџмент, максимално да се потенцираат улогата и значењето на воспитно-образовните институции, кои во рамките на своите компетенции, имаат сериозна задача, во процесот на воспитувањето на учениците посебно внимание да обрнат на одвраќањето на младите од злоупотребата на дрогата. Тоа се и основните мотиви при зафаќањето со истражување на оваа проблематика и при изработката на докторската дисертација на оваа тема.

Имајќи ги во вид размерите кои од ден на ден таа ги зафаќа, на наркоманијата како појава, како и на нејзиното ширење, треба да им се пријде максимално сериозно, сеопфатно и пред сè, превентивно. За волја на вистината, оваа појава на подрачјето на Република Македонија досега е многу малку или

воопшто не е третирана од стручен и научен аспект. Токму тоа беше вистински предизвик, во докторската дисертација, што е воочливо и од насловот (*Менаџирањето на влијателните фактори во функција на превенирањето на наркоманијата кај средношколската популација во Република Македонија)*, преку еден аналитички приод да ја детектирам појавата на наркоманијата кај средношколците во државата од сите аспекти, да ги воочам и систематски да ги сублимирам сите фактори кои влијаат врз нејзиното појавување, ширење и опасни последици кои таа ги влече со себе, но најмногу да се фокусирам врз опсегот и интегралноста на сите релевантни фактори кои влијаат или потенцијално би влијаеле врз нејзиното ублажување и сведување во подносливи граници, но и да укажам на можностите и правците на делување во насока на успешно менаџирање со целата таа лепеза од влијателни фактори.

Бидејќи природата на професијата што ја обавував, ми овозможува постојан увид во многу од параметрите кои ја карактеризираат појавата, како и секојдневни контакти со оваа проблематика од буквално сите стојалишта, сметам дека сум во состојба, преку резултатите од истражувањата што се составен дел на дисертацијата, но и преку нивната обработка и примената од корисниците на истражувањата, длабоко да допрам и да ги анимирам сите круцијални фактори кои би помогнале во постигнувањето на целта-намалување на појавата, односно нејзино максимално ублажување и сведување во подносливи рамки.

## ABSTRACT

Having in mind the overall current states in all the fields and all society segments (economic, cultural, educational, social, the security ones, etc), but at the same time following the trends and the relations at world level, I have grown more and more convinced in the essential dimension of the fat that education in qualitative dimensions and continually sustained is the necessity of every man on the planet today. Every one who follows the modern trends, especially the educational ones, everyone who tends towards constant keeping the pace with the present times of our life and actions, unconditionally has to continually learn, improve and upgrade both his expert and professional skills. Starting from the stated and at the same time following the path outlined by the modern life courses, I am decisive to constantly upgrade my own education as well as to improve both as n expert and professional with an aim to continually advance during my career life.

The above stated is probably the elementary driving force towards the aim I have set before me. The successful completion of the post diploma studies was only one step on that long and laborious track. However, at the same time it was a solid and educational base for my following step– the realization of the master thesis under the title "Integral Approach in Prevention of Drug Addiction with Secondary Education Youths in Bitola", by which I had tried and succeeded to give a modest contribution to the overcoming or in other words to the reducing the very sensitive and dangerous phenomena – drug addiction and drug abuse with the secondary education students in Bitola.

This tendency of mine continued in the period after the defence of the master thesis and the award of the academic title Master of Educational Management, when I published my first academic papers: *The Role of School and the Cooperation with the Police in Prevention of Drug Abuse with Secondary Education Students in Bitola; Preventive-repressive Priority Activities in the Service of Coping with Drug Abuse in the Region of SIF of Bitola; The Significance of the Public Relations in the Communication in Crisis.*

*The Role of School and the Cooperation with the Police in Prevention of Drug Abuse with Secondary Education Students in Bitola* is a paper in which there is an intense and undoubted attempt to emphasize the character building component in the educational process, which by itself is already an intention of our educational system in the process of reforms and standards and norms nearing to those of the educational systems in the EU member states.

In the paper, the need for inclusion of the educational institutions is clearly defined – with all their segments in the preventive activities and the fight against "the biggest evil of today" – drug abuse, especially with the secondary education students as the most endangered part of the population, with a strong emphasis on the cooperation with all elements (parents, students, pedagogic-psychological and other professional teams…), as well as with the other subjects of the society (Police Prevention Team, non-governmental sector, local community, health and other specialized institutions, the scientific institutions, the media….).

It is obvious from the title itself that the first paper elevates the role and significance of the educational institutions as one of the most significant exterior factors in the prevention of drug addiction and drug abuse with the secondary school youth, emphasizing the educational component of building the character as an exceptionally significant one in that context. In the contemporary social conditions, the role of the school as a second stage (after the family) becomes more and more significant and relevant particularly if having in mind the fact that in the course of implementation of the standards existing in the developed societies, in our educational system, more and more attention is paid to the development of the character education segment. In parallel, the paper points out the more and more significant influence of the police prevention as a novelty in the contemporary work of the police, and by the emphasis of the use of maximum harmonized and coordinated actions of these two largely significant external factors in the process of preventing drug addiction with the secondary education youth as a category most endangered by this phenomenon, the coping solutions to this phenomena are discriminated through the prism of the results achieved in the past few years.

*Preventive-repressive Priority Activities in the Service of Coping with Drug Abuse in the Region of SIF of Bitola*, is a synthesis of all necessary priority activities

from the preventive and repressive aspect in the part of coping with drug abuse as a phenomenon and in which there has been clearly defined segmentation of the subjects who have the duty to handle the phenomena.

On one side, the paper gives a clear view on the state of the phenomenon of drug abuse covering a wider area i.e. the area under the authority of SIF – Bitola (Bitola, Resen, Demir Hisar, Prilep, Krusevo, Makedonski Brod). On the other side, on the basis of the past experiences, it offers concrete solutions for taking concrete activities to stop the phenomenon.

When analysing the papers, it becomes clear that the intention is to give actual contribution via practical implementation of a number of the offered solutions, and to reduce the phenomenon of drug abuse to a level of tolerability. With the preparedness in the educational management field, the tendency becomes evident that maximum emphasis be placed upon the educational institutions which within the frames of their competences have the grave task to pay special attention to the process of students' character education and prevent them from using drug. Those are the basic motives for venturing research in this field and for deciding on the doctoral thesis on this topic

Having in mind the proportions that it is reaching day after day, drug abuse as a phenomenon and its spreading have to be approached in a serious, overall, and preventive manner. In fact, this phenomenon in the Republic of Macedonia has been very little researched or not researched at all from a professional and academic aspect. This has been quite a challenge and as my doctoral thesis title *Management of Influential Factors for the Purpose of Prevention of Drug Abuse with Secondary Education Students in Republic of Macedonia* shows, a challenge to follow an analytic approach in detecting the secondary education students drug abuse in the state from all aspects, to identify and encompass all the factors influencing its onset, spreading, dangerous consequences, but most of all to focus on the range and integrity of all relevant factors which influence or would potentially influence its reduction or placement within frames of tolerability but also to point out the opportunities and courses of successful management of all those factors of influence.

However, as the nature of my profession constantly enables me an insight in many of the parameters which characterize the phenomenon as well as everyday engagement in

this issue coping from every possible standpoint, it is my belief that I am capable of making a step further and animating all crucial factors who would help in achieving the aim – decreasing the phenomenon, i.e. its maximum reduction by using the results of the research of this dissertation, as well as by their processing and application on behalf of the users of the research.